Арх.

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за животна средина-

Државниот инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за угостителство,трговија и производство ЛЕБЕД-АС дооел увоз-извоз Ново Село со седиште на ул.„Маршал Тито" бр.44/А,Ново Село и со Записник број ип1 10-28 од 11.02.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019,272/24,22/25), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Се Опоменува субјектот на надзор Друштво за угостителство,трговија и производство ЛЕБЕД-АС дооел увоз-извоз Ново Село, да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и вршењето на активноста да ја усогласи со одребите од Закон за води и прописите кои ја уредуваат областа, и тоа:

- Да поднесе барање до надлежното министерство за добивање на соодветен акт за користење на водата.

1) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 60 (шеесет) дена од приемот на решениието.

2) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

~~3) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ______________________.~~

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 и став 3 од Закон за води (Сл. весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 10-28 од 11.02.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба:
До Државен инспекторат за животна средина од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, е проследено добиено барање од општина Ново Село,со наш број 10-70/2025 со кое се бара превземање на законски дејствија од делокруг на водостопанските инспектори.
Во однос на оформениот предмет, Државниот инспекторат за животна средина, изврши увид на посочената локација и утврди дека на КП 736 КП 945 КО Смолари вон град од страна на субјектот на надзор се изведени бушотини со длабочина од приближно 60 метри и поставена инсталација со која се врши црпење на подземна вода која вода наменски се користи за технолошки потреби односно за потребите на комплекс на градби, отворени и затворени базени и водени површини со одреден волумен, а се во функција на комплексот на градби. Бушотините се изведени на земјиште во сопственост на физичко лице кој во конкретниот случај е управител на субјектот на надзор.
Исто така од страна на субјектот на надзор, на делот од речното корито кое се користи за пристап до комплексот на градби, дел од речно корито на река Ломница, дел од КП 2845 КО Смолари вонград е извршено уредување на истото за што субјектот приложи позитивно мислење добиено од АД Водостопанство во државна сопственост подружница „Струмичко поле" Струмица, за која извршена активност, субјектот не поседува согласност од надлежното министерство. За утврденото ќе се достви допис до АД Водостопанство на нивно запознавање и понатамошно постапување.
При инспекцискиот надзор, субјектот ја приложи следната документација во скенирана форма:

- Тековна состојба со број 0805-50/150820240005320 од 10.12.2024год.
- Имотен лист број 708 за КО Смолари вонград под бр.1105-3090/2025 од 13.02.2025год издаден од Агенција за катастар на недвижности

- Барање под бр.03-34/1 од 29.03.2023 год.упатено до АД Водостопанство во државна сопственост подружница „Струмичко поле“ Струмица
- Допис одговор составен од АД Водостопанство во државна сопственост подружница „Струмичко поле" Струмица под број 2005-57/2 од 30.03.2023 год, за уредување на река Ломница.

Констатација од извршениот увид: Субјектот на надзор, е закупец на земјиштето и во рамките на катастарската парцела 736 и 945 КО Смолари вонград има изведено бушотина преку која црпи подземна вода во количина која не ја евидентира и наменски ја користи за технолошки потреби, без претходно да обезбеди дозвола за користење на водата од органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на управувањето со водите

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 10-28 од 17.02.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.г.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.

Арх.

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

Арх. ИП 1 бр. 10 - 28
Датум: 17.02.2025 год.

**До:** Друштво за угостителство,трговија и производство ЛЕБЕД-АС дооел увоз-извоз Ново Село

[redacted]

ул.„Маршал Тито" бр.44/А,
општина Ново Село


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698


**Предмет: Достава на списи**

Почитуван/а,

Во прилог Ви се доставува записник ип1 10-28 од 11.02.2025 год. од извршен инспекциски надзор, и решение ип1 10-28 од 17.02.2025 год. а заради Ваше запознавање со содржината на записникот и негово потпишување.

Доколку во рок од осум дена од денот на приемот, не се произнесете во однос на доставениот записник или еден примерок не го вратите потпишан, се смета дека сте согласен со неговата содржина.

Прилог во оргинал: Записник (2 ком) ип1 10-28 од 11.02.2025 год.
Решение ип1 10-28 од 17.02.2025 год.

Со почит,

Виолета А.Ѓорѓиева д.с.и
Виш-водостопански инспектор

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје XXIV Shkup INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Republika e Maqedonisë së Veriut